**From:** Pro Helvetia Skopje 01 <phskopje@mt.net.mk>
**To:** <"Undisclosed-Recipient:;"@sonet.com.mk>
**Date:** *Wednesday, November 23, 2005 12:03
**Subject:** press to exit project space / performance of Aleksandar Stankoski

?

**press to exit project space**
**qubezno ve pokanuva na**
**performansot na**

**Aleksandar Stankoski**

**PENETRACIJA VO EU**

**~etvrtok, 24.11.2005, 20:00~.**
**press to exit project space**

**vo prodol`enie sledi kratok tekst od umetnikot na makedonski jazik**

**press to exit project space**

**cordially invites you**

**to the performance of**

**Aleksandar Stankoski**

**PENETRATION IN EU**

Thursday 24.11.2005, 20:00h
**press to exit** project space

following is a statement by the artist in Macedonian language

Zeitgeist-от (духот на времето) е најрелевантната, а често и единствената

феноменолошка структура што современата естетичка теорија (почнувајќи од етаблирањето на идеологијата на модернизмот) ја акцептира како валидна референца за уметничкото дело. Курентната состојба е само еден вид интроспективна инерција на модернистичката мисла. Всушност се сé врти околу точката на обсервација. Тоталниот субјективизам во уметноста не може да пронајде засолниште во ниедна од модернистичките философии, а сепак тоа се еднистевените платформи на кои може да опстане во контекст на стилот сфатен како „дух на времето„.

Како артикулација која има свој фидбек и како континуитет на познанието, постмодернизмот очајно се враќа кон феноменот на „цајтгајстот„ (на еден скоро паролашки начин), избегнувајќи ги тавтологиите на модернистичката форма, преку која (нејзината еволуција) се оствaруваше идеологијата на прогресот и новото. Тука (во состојба на пост-модернизмот) недостатокот од стил (од „прогресивно„ генерички форми) „духот на времето„ добива функција на „естетичко алиби„. Посегнувањето кон големиот наратив на политичкото (како метафора на изгубените митолошки фиксации кои функционираа до почетокот на реализмот – оној од 19 век, кога индустриската револуција стана еден идеолошко-философски „цајтгајст„) станува императив во зоните на „ангажираноста“ – уште една измислица на модернизмот – каде констатацијтата за непроменливоста на дизбалансите е новата интересна сфера за сфаќањето на амбивалентноста и непредвидливоста на етичкото низ историјата. Можеби еден самопонижувачки цинизам, кој расте како непоимлива популистичка философија на животот, во виртуелната заедница на човештвото што култура се нарекува.

Во Париз во 1626 година на фасадите од куќите од централниот дел на градот се појавија маса испишани пароли, кои вака им се обратија на граѓаните: „Не бидете застарено модерни, бидете современици на иднината“.

---

**press to exit** project space
Maksim Gorki 19
MK-1000 Skopje
Macedonia
T + 389 2 310 33 70
F + 389 2 310 33 71
E presstoexit@on.net.mk
www.pro-helvetia.org.mk/presstoexit



